Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за спорт
Ministria e sporteve

Бр. - Nr 14-251/4
11.02.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

Архивски знак: ____________
Рок на чување: ____________ год.
____________ 201__ година
Потпис

**Република Северна Македонија**
**Министерство за спорт**

## ИНСПЕКЦИСКА СУЖБА
## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО СПОРТОТ

**Ип.1.бр. 14-251/4**
**Датум: 11.02.2026 година**

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

Инспекциската служба при Министерството за спорт одделение за инспекциски надзор во спортот преку инспекторот за спорт Димитар Терзиев, со службена легитимација број 0001, врз основа на член 71 став 1 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15,6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25) и член 68 ставови 1 и 2 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 135/25) во врска со извршениот вонреден инспекциски надзор над работењето на КАЈАКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје, со ЕМБ 5138787, со адреса Столтенбергова бр.1 Скопје – Центар, застапувано од Роберт Папазов, а врз основа на фактичката состојба утврдена со Записник Ип.1.бр.14-251/1 од 30.01.2026 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**ОПОМЕНА**

Се задолжува со Опомена КАЈАКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје, со ЕМБ 5138787, со адреса Столтенбергова бр.1 Скопје – Центар, застапувано од Роберт Папазов да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот Ип.1.бр.14-251/1 од 30.01.2026 година и тоа:

1) **Списокот на здружени клубови членки на Кајакарска Федерација на Република Севрна Македонија од член 11 став 9 алинеја 5 од Законот за спортот, да биде сочинет од спортски клубови кои ги исполнуваат условите од член 10 став 1 и член 11 став 2 од Законот за спортот.**

   **Рок 15 дена од прием на инспекцискиот акт**

2. Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на диспозитивот на овој инспекциски акт, е должен веднаш по истекот на најдолгиот рок определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена по истекот на истата, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

3. Се задолжува субјектот на инспекциски надзорот од точка 1 на диспозитивот на овој инспекциски акт, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од ____///_____ денари, на жиро сметка број______///_______.

4. Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

**Образложение**

Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38 Палата „Панко Брашнаров" 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria për sport Rr.MaqedoniaNr.38 Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel +389 (0) 2 3119-628 Email: contact@ms.gov.mk web:www.sport.gov.mk

**Република Северна Македонија**
**Министерство за спорт**

Инспекциската служба при Министерството за спорт одделение за инспекциски надзор во спортот врз основа на член 69 став 2 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15,6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25) по доставено Барање за вонреден инспекциски надзор, бр. 14-146/1, од 21.01.2025 година, преку инспекторот за спорт Димитар Терзиев, со службена легитимација број 0001 изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор КАЈАКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје, со адреса Столтенбергова бр.1 Скопје – Центар застапувано од Роберт Папазов и состави е Записник Ип.1.бр.14-251/1 од 30.01.2026 година во кој констатирано е:

Согласно Списокот на здружени клубови членки на Кајакарска Федерација на Република Севрна Македонија број 03-165 од 24.10.2025 година, во националната спортска федерација здружени се 12 членки спортски клубови.

Членката СК Педл клуб Скопје заведена под реден број 12 од наведениот список, согласно кажувањата на претставникот на субјектот на инспекциски надзор и податоците од билтените за остварените резултати од државните првенства за 2025 година, не учествувала во организиран систем на натпревари односно на државно првенство организирано од Кајакарска Федерација на Република Севрна Македонија, што е спротивно на член 10 став 1 алинеја 5 од Законот за спортот.

Во член 10 став 1 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15,6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25), утврдени се условите за вршење дејност спорт од страна на спортските клубови, а алинеја 5 од истиот член предвидува спортскиот клуб да учествува во организиран систем на натпревари, односно спортско - рекреативни активности.

Согласно член 14а став 2 од Законот за спортот Собранието на националните спортски федерации во индивидуалните спортови го сочинуваат претставниците од клубовите здружени во федерациите, како и претставници на спортските тренери, ветерани, судии и спортисти од соодветниот спорт предложени од нивните организациони облици.

EGZEMPLARI ARKIVOR

Согласно член 11 став 2 од Законот за спортот исполнетоста на условите за вршење дејност спорт ги утврдува органот на државата управа надлежен за работите од областа на спортот а согласно член Член 70 став 1 алинеја 3 инспекторот од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот врши надзор, особено на постоењето услови за вршење на дејност спорт кај спортските клубови, националните спортски федерации и МОК.

**При инспекцискиот надзор констатирани се следните неправилности и недостатоци во работењето на субјектот на инспекциски надзор:**

СК Педл клуб Скопје не го исполува условот за вршење дејност спорт од член 10 став 1 алинеја 5 од Законот за спортот, со што Списокот на здружени клубови членки на Кајакарска Федерација на Република Севрна Македонија од член 11 став 9 алинеја 5 од Законот за спортот, не е сочинет од спортски клубови кои ги исполнуваат условите од член 10 став 1 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15,6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25).

**Република Северна Македонија**
**Министерство за спорт**

**Согласно член 70 став 2 од Законот за инспекциски надзор, жалбата против овој инспекциски акт не го одлага неговото извршување.**

**Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на овој инспекциски акт.**

ПРАВНА ПОУКА

Против овој инспекциски акт незадоволната странка може да изјави жалба до надлежниот орган за одлучување во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на истиот. За жалбата се плаќа административна такса во износ од _____///_____ денари, на жиро сметка број ______///_________.

Виш инспектор за спорт
Димитар Терзиев

Министерство за спорт - Ministria e Sportit, Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut, Скопје - Shkup, МП

EGZEMPLARI ARKIVOR